## Известување

Сопственикот на опасно куче мора да го извести Советот во рок од 24 часа доколку:

- Кучето исчезне
- Се промени сопственикот на кучето
- Се промени адресата на сопственикот
- Се промени местото каде што се одгледува кучето

Ова овозможува Советот да биде информиран за локацијата на опасните кучиња во секое време. Советот ќе ги провери просториите за да се осигура дека се спроведени одредбите од Законот и Регулативите.

Советот има моќ да наплаќа надоместоци за регистрација на кучиња прогласени за опасни поради напад, кои се повисоки од минималните стандардни надоместоци за регистрација.

*Регулативите за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 2005 год.* обезбедуваат и осигуруваат државни стандарди што се однесуваат на одгледување на опасни кучиња. Униформното препознавање на опасни кучиња, и идентификување на просториите во кои тие живеат е битно за лесно препознавање на овие кучиња. Тоа е исто така клучно за ефективни државни образовни програми, наменети посебно за деца.

*Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год.* е државен законик, кој се спроведува од страна на Општинските Совети.

*Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год* е државен законик, кој се спроведува од страна на Општинските Совети.

*Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год. и Регулативите за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 2005 год.* се достапни во Информации за Викторија (Information Victoria) 505 Little Collins Street, Melbourne, телефон 1300 366 356 - истите се купуваат.

За повеќе информации за контрола и благосостојба на домашни животни во Викторија посетете ја интернет страницата на Министерството на http://www.dpi.vic.gov.au/animalwelfare

ISBN 0 7311 3181 9
© Држава Викторија
Министерство за примарни индустрии, април 2007

Оваа публикација може да ви биде од полза, но Државата Викторија и нејзините вработени не гарантираат дека оваа публикација е без никакви пропусти или дека е целосно

соодветна за вашите посебни потреби и притоа се оградува од секаква одговорност за секаква грешка, загуба или други последици што можат да произлезат од вашето ослонување на било кој податок од оваа публикација.

Victoria
The Place To Be



# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРИМАРНИ ИНДУСТРИИ




# Работи кои што треба да ги знаете за опасни кучиња

Victoria
The Place To Be

*Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год. (Domestic (Feral and Nuisance) Animals Act 1994)* им дава моќ на Општините да прогласат дека некое куче е "опасно", ако кучето предизвикало сериозни повреди кај лице или животно, ако кучето е напастливо куче и ако неговиот сопственик примил најмалку 2 известувања со предупредување за неуспевање да ги испочитува обврските за врзување, ако кучето е прогласено за опасно според соодветните закони во друга Држава/Територија, или заради која било друга пропишана причина. Сериозна повреда на лице е повреда од тип на скршени коски, пресекотини за кои се потребни повеќе конци или козметички операции, или целосна или делумна загуба на осет или функција на дел од телото.

Прогласувањето на опасни кучиња е на сила низ цела Викторија, и не може да се повлече, дополни или измени на кој било начин.

Куче кое се одгледува со цел чување на простории кои не се наменети за живеење, или куче кое е тренирано да го нападне или го касне секое лице или предмет кои се прилепени за или носени од друго лице, е автоматски опасно куче според *Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год*. Податоците во оваа брошура не се применуваат за кучиња-чувари на простории кои не се наменети за живеење – за специфични информации за овие кучиња осврнете се на брошурата "Работи кои што треба да ги знаете за кучиња-чуварина имоти кои не се наменети за живеење" ("Things you should know about guard dogs on non-residential properties").

Сопствениците на опасни кучиња сами си наложиле низа на одговорности за да се осигураат дека невините членови на јавноста нема да бидат нападнати од такви кучиња. Постојат казни за непридржување. Овој документ обезбедува преглед на одговорностите поврзани со одредбите за опасни кучиња од Законот, и пропишаните обврски од *Регулативите за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 2005 год. (Domestic (Feral and Nuisance) Animals Regulations 2005)*.

## Препознавање преку микрочип

Сопственикот на кучето мора да осигура дека на животното му е вграден ISO микрочип (ISO- Организација за меѓународни стандарди - International Standards Organization) во согласност со Регулативите (освен ако микрочипот не е веќе вграден пред 20 мај 2003 год.)

Овој број за препознавање од микрочипот, заедно со други податоци, како што е наведено во Регулативите, мора да се достават до Советот кај кој е регистрирано кучето во рок од 7 дена откако на кучето ќе му биде вграден микрочипот.

## Онеспособување за парење

Тековно прогласените опасни кучиња мора да се онеспособат за парење до 10 април 2006 год. Новопријавените кучиња (поради напад) мора веднаш да се онеспособат за парење, освен ако сопственикот не обезбеди потврда од ветеринар кој изјавува дека кучето не смее да се онеспособи за парење поради здравствени причини.

## Каиш

Иако микрочипот е трајна форма на препознавање, тој не е видлив. Опасно куче мора исто така да носи пропишан каиш во секое време. Каишот е специјално дизајниран да биде видлив од далеку и ноќе да рефлектира светлина.Тоа значи дека во секое време, дали на имотот на сопственикот или не, опасно куче може да се препознае од далеку, предупредувајќи го лицето за потенцијалната опасност од кучето.

Каишите за опасни кучиња мора:

- да имаат црвени траки раздвоени со жолти траки со ширина од 25мм и да се поставени дијагонално на ивицата на каишот под агол од 45 степени; и
- најмалку една од двете бои да рефлектира светлина во темница; и
- да се направени од издржливи материјали; и
- да можат безбедно да се затегнуваат; и
- да имаат ширина од најмалку:

  25 мм за кучиња што тежат помалку од 20кг

  40 мм за кучиња што тежат помеѓу 20кг и 40кг

  50 мм за кучиња што тежат повеќе од 40кг



Пример за каиш за опасно куче

## Знаци

Битно е за лица со валидна причина за влез во нечиј дом (на пр. тим за итна помош) да знаат дека внатре е присутно опасно куче. Сопственикот на опасно куче мора да постави пропишани знаци за предупредување на сите влезови во просториите каде што се чува кучето кои ќе ги предупредат луѓето дека во тие простории се одгледува опасно куче.

Овие знаци за предупредување мора:

- да се квадратни со страни од најмалку 40 cm
- да се направени од траен метал
- да имаат најмалку една боја што рефлектира светлина
- да се во согласност со Регулативите за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 2005 год.




Пример за знак за предупредување

**За детали за снабдувачи на знаци за предупредување за опасни кучиња контактирајте го локалниот Совет, или јавете се во Центарот за грижа за корисници при Министерството за примарни индустрии (DPI – Department of Primary Industries) на 136 186.**

## Чување дома

Кога е внатре или надвор од домот, кучето мора да се чува на таков начин да не може да побегне, и кој што го спречува да не може да повреди посетители на домот. Живеалиштето и заградениот простор мора да се направени на таков начин што друго лице не може да има пристап до нив без помош од лицето што живее во тој дом и кое е на возраст од или над 17 год. Сопственикот исто така мора да обезбеди заграден простор надвор кој мора:

- да е целосно заграден
- да има место за спиење кое е водоотпорно
- има подна површина од најмалку десет квадратни метри по опасно куче
- да има висина од најмалку 1.8м
- да има ширина од најмалку 1.8м
- содржи ѕидови, под, одвод, покрив и порта што се во согласност со долунаведените детали.

Ѕидовите на заградениот простор мора да се прицврстени за подот или направени да бидат на не повеќе од 50мм од подот.

Ѕидовите, покривот и портата на заградениот простор мора да бидат направени од:

- Цигла, градежно дрво, железо или слични цврсти материјали; или
- Ланчана решетка произведена од 3.15-милиметарска жица за да се направи платно за 50mm решетка, или заварена решетка произведена од 4-милиметарска жица со максимален пролед на решетката од 50mm.

Прифатлива е и комбинација од горенаведеното. Големината на решетката и деталите за изработување се специфицирани така што заградениот простор ќе биде невозможен за бегање и така што луѓето, посебно мали деца, не ќе можат да протнат делови од телото, како на пример раце, низ заградениот простор кај кучето.

Подот на заградениот простор мора да биде направен од зацврстен бетон и да биде поврзан со одвод за одстранување на измет.

Портата на заградениот простор мора да има брава и потребно е заградениот простор да биде безбедно заклучен кога кучето е во него.

## Врзување

Опасно куче мора да има корпа на устата и да е на синџир кога е надвор од просториите на сопственикот и од заградениот простор.